Врз основа на член 50 став 1 точка 13 и 14 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15 , 27/16, 120/18 и („Службен весник на РСМ“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), член 36 став 1 алинеја 6 и 8 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, врз основа на предложената ранг листа на кандидати за избор од страна на Комисијата за селекција на кандидати по Јавен оглас бр.01/2024 за вработување на неопределено време во Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# Р Е Ш Е Н И Е
## за вршење на избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2024 за вработување на неопределено работно време во Општина Валандово

**1.** Со ова Решение, по спроведената постапка за вработување на неопределено работно време согласно Законот за работните односи и Законот за вработените во јавниот сектор, за работното место Хигиеничар - Ниво А3 – УПР 04 05 А03 004 – 1 (еден) извршител, по објавениот јавен оглас во дневните весници „Вечер“ и „Коха“, изврши избор на следниот кандидат:

- Маја Драги Ташкова со адреса на живеење во Валандово на ул.„Никола Карев бр.3“.

**2.** Со кандидатот од точка 1 на ова Решение ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Валандово на ден 21 октомври 2024 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ и на ВЕБ страната на општината, објави Јавен оглас бр.01/2024 за вработување на неопределено работно време во Општина Валандово на 1 (еден) извршител за работно место Хигиеничар/ка - Ниво А3 –УПР 04 05 А03 004.

Согласно пропишаната постапка за избор, Градоначалникот на Општина Валандово со Решение бр.09-1123/6 од 01.11.2024 година формираше Комисија за селекција на кандидати по Јавен оглас.

По истекот на огласот, во законски предвидениот рок, Комисијата за селекција на кандидати на ден 06.11.2024 година има извршено проверка и со Записник бр.09-1123/8 од 06.11.2024 година има утврдено дека за работното место Хигиеничар/ка - Ниво А3–УПР 04 05 А03 004 се има пријавено 1 (еден) кандидат и дека пријавениот кандидати ги доставил задолжителните докази за исполнување на бараните услови со огласот и дека истите се

веродостојни. Притоа Комисијата има заклучено со пријавениот кандидат да биде спроведено интервју.

Комисијата за селекција на кандидати по Јавен оглас бр.01/2024 има извршено интервју со пријавениот кандидат за работното место Хигиеничар/ка - Ниво А3 –УПР 04 05 А03 004, за што има составено Записник со финална ранг листа и предлог - одлука за избор бр.09-1123/8 од 06.11.2024 година, со кој е констатирано дека единствениот кандидат ги исполнува бараните услови предвидени во јавниот оглас.

Изборот на кандидатот со кој ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време е извршен согласно актите и приложената документација на кандидатот од која е утврдено дека избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови.

Имајќи го во предвид дадениот предлог, се изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Решение.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Градоначалникот на Општина Валандово во рок од 8 дена од денот на објавување на Решението на веб страната на Општина Валандово.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С.Димитров
Контролирал: Е.Фидански
Одборил: С.Христова Јовановиќ

Доставено до :
- Архива;
- Кандидат